# Ново ♥ срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен Година V. бр. 165. Дата: 25. 02. 2013.**

Ако сте наш редовен читател, веројатно знаете дека, освен духовни поуки, повремено ви пишуваме и интересни приказни кои содржат **загатки**, заради разноликост и со цел да ве поттикнеме на размислување. Една таква приказна, ви ја нудиме во текстот подолу

## Пораката на докторката



Моника беше полициски инспектор во едно мало гратче и тоа утро требаше да заврши непријатна задача; таа се упати кон куќата на докторка Ангела, локален гинеколог, за да и каже дека криминалецот Скот Паркинсон, кој пред неколку години ја нападна и беше затворен, избегал од затвор и повторно е на слобода.

Докторката само малку ја подотвори вратата, со образложение дека штотуку станала од кревет и не е прикладно облечена, па затоа и не може да ја прими внатре.

Тогаш инспекторката реши да и ја соопшти веста; -„ Дојдов да ве известам дека Скот Паркинсон, избега од затвор. Знаете и самата оти тој ви се закани дека нема да ве остави на мир, па сметав дека е паметно да ве предупредам да бидете посебно внимателни. Ако сакате, можеме да ви испратиме и полициска заштита“.



„Нема потреба од тоа. Така само ќе ги исплашам моите пациенти, кои доаѓаат во мојата ординација. Ќе бидам во ред, ви благодарам“, одговори докторката. Кога ја заврши реченицата, таа направи кратка пауза, а потоа повторно ја погледна инспекторката и ѝ рече:

-„Кога сте веќе овде, дозволете да ви дадам едни резултати за бременост, кои ќе ви бидат од корист.“ . Откако го рече тоа, ја затвори вратата и по минута-две повторно се појави со едно ливче. Таа набрзина ѝ го подаде ливчето на инспекторката, уште еднаш се заблагодари за предупредувањето и ја затвори вратата.

Инспекторката го погледна ливчето, кое изгледаше како лекарски наод, но на него се наоѓаше само следниот, краток текст:

***„ Твојата оплодена јајцеклетка е оформена во добар ембрион. Секоја прва.“***




Таа беше тотално збунета. Зошто докторката би ѝ дала ваков наод нејзе, кога таа воопшто и не е бремена, ниту пак била на преглед. Наеднаш се досети; Ангела сигурно се обидува да ѝ каже нешто, преку кодирана порака. Таа ја анализираше реченицата неколку минути и конечно успеа да ја дешифрира. За декодирање на пораката, клучна беше фразата **„секоја прва**“. Пораката беше шокантна! Моника знаеше дека животот на докторката е во опасност .

**Можеш ли и ТИ да откриеш што се крие зад пораката на докторка Ангела?**

Испратете ни го вашиот одговор (со ваше име и презиме), на нашата и-мејл адреса. Оние кои имаат точни одговори, ќе учествуваат во извлекувањето на вредна награда: една кутија полна со 30 вкусни кроасани „7 days“.




**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**